Врз основа на член 30 од Статутот на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски"- Скопје, член 155-б, член 155-ж став 5, член 156, член 157 став 1 алинеа 1, член 158, член 159, член 160, член 164-а, член 164-б, член 164-в и член 164-г од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија"бр. 101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22, 236/22, 199/23 и 236/23), Известувањето за обезбедени финансиски средства за вработување на неопределено време од Министерството за финансии на РСМ број 18-11926/2 од 14.11.2023 година и Одлуката за објавување на јавен оглас бр.04-2878/1 од 05.12.2023 година од Медицинскиот директор и Организацискиот директор, ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски"Скопје објавува

**ЈАВЕН ОГЛАС**
**Број 4/2023**
за вработување на 1 (еден) здравствен работник на неопределено време

1. Јавна здравствена установа Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски"- Скопје **има потреба од вработување на 1 (еден) здравствен работник на неопределено време, со полно работно време и тоа:**

**1.1. Доктор на медицина - 1 (еден) извршител**

2. Кандидатите треба да ги исполнуваат **општите услови** предвидени со Законот за здравствената заштита:
-да е државјанин на Република Северна Македонија.
-да е полнолетен,
-да има општа здравствена способност и
-да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност.

3. Покрај со закон утврдените општи услови, кандидатите тебе да ги исполнуваат следните посебни услови:
- завршено високо образование со најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен - Медицински факултет/студиска програма по општа медицина за доктор по медицина
- положен стручен испит
- лиценца за работа
- постигнат просечен успех од сите предмети на сите циклуси на универзитетски студии кои ги завршил кандидатот од најмалку осум (во натамошниот текст: просечен успех), по исклучок кандидат кој има завршено специјализација или супспецијализација соодветна на дејноста на Универзитетската клиника не треба да го исполнува овој услов,

-активно да познава еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски), активно да познава компјутерски програми за канцелариско работење и да има други посебни работни компетенции утврдени во актот за систематизација на работни места за соодветното работно место.
- со или без работно искуство
Кандидатите кои имаат завршено прв, втор или трет циклус на студии од областа медицинските науки на еден од 100 највисоко рангирани факултети на Shanghai Ranking - ARWU (Academic Ranking of World Universities) не треба да ги исполнуваат посебните услови од точка 1.1. од овој оглас, ниту пак за нивното вработување се спроведува постапка за селекција на кандидат.

4. Работното време на работникот изнесува 40 часа неделно работата е организирана во смени и дежурства, работа за викенд и празници.

5. Основна нето плата:

за работното место од точка 1.1 изнесува 39.600,00 денари.

6. Во прилог на пријавата кандидатите се должни да ги достават следните документи:
- Пријава со податоци за контакт,
- Кратка биографија CV,
- Уверение за државјанство на Република Северна Македонија, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- Диплома со постигнат просечен успех, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- Уверение за завршен Медицински факултет /студиска програма по општа медицина за доктор по медицина, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- Уверение за положен стручен испит, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- Лиценца за работа, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- Лекарско уверение за општа здравствена способност не постаро од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- Потврда дека не е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност не постара од 6 месеци, оригинал или фотокопија заверена на нотар,
- Сертификат/уверение за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската Унија (англиски, француски, германски) и
- Сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење.

**Кандидатите кои се стекнале со образование во странство покрај горенаведените документи да достават:**

-Решение од Министерството за образование и наука на РСМ за признавање на образовната квалификација стекната во странство.
-Документ за еквиваленција на оценките издаден од Министерството за образование и наука на РСМ.

7.Рокот за пријавување на јавниот оглас е 5 (пет) дена од денот на неговото објавување.

8.После првичната селекција на кандидатите кои ги исполнуваат условите согласно јавниот оглас, ќе се врши селекција на кандидатите согласно член 160 односно член 164-в и член 164-г од Законот за здравствената заштита.

9. Ненавремената, нецелосната и неуредната документација нема да биде предмет на разгледување од страна на комисијата за селекција на кандидати.

10. Пријавата за огласот може да се подигне од архивата на Јавна здравствена установа-Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски" - Скопје или да се симне од интернет страната www.gradskahirurgija.org.mk. Пријавата со целокупната потребна документација и телефон за контакт, да се доставaт до ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски" - Скопје ул.11-ти Октомври бр.53 Скопје, по пошта или во архивата секој работен ден од 07 и 30 часот до 15 и 30 часот, со назнака: "За јавен оглас за вработување на здравствен работник".

11.По истекот на рокот за пријавување јавниот оглас ќе биде отстранет од интернет страната на ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски"-Скопје.

ЈЗУ Универзитетска клиника по хируршки болести "Св.Наум Охридски"- Скопје

# П Р И Ј А В А

За работно место (реден број и назив) 1.1 **Доктор на медицина**

**1.Податоци за кандидатот**

Име и Презиме ________________________________________________________

Датум и место на раѓање ________________________________________________

Адреса и место на живеење ______________________________________________

Припадност на заедница ________________________________________________

Електронска адреса на кандидатот _________________________________________

Контакт телефон ______________________________________________________

**2.Изјава за исполнување на општите услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно**

- Да е државјанин на Република Македонија ----------------------------------- ДА/НЕ
- Да е полнолетен ------------------------------------------------------------------ ДА/НЕ
- Да има општа здравствена способност за работното место ----------------- ДА/НЕ
- Да не му е изречена со правосилна одлука забрана на вршење професија, дејност или должност-------------------------------------------------------------------------ДА/НЕ

**3.Изјава за исполнување на посебните услови за работното место со наведување ДА/НЕ за секој услов одделно**

- високо образование - Медицински факултет **Доктор на медицина**,------- ДА/НЕ
- диплома со постигнат просечен успех------------------------------------------- ДА/НЕ
- положен стручен испит -------------------------------------------------------------ДА/НЕ
- лиценца за работа---------------------------------------------------------------------ДА/НЕ
- сертификат за работа со компјутерски програми за канцелариско работење-------- -------------------------------------------------------------------------------------ДА/НЕ
- уверение/сертификат за познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски) на А1 ниво ------------ДА/НЕ

Под кривична и материјална одговорност изјавувам дека податоците внесени во пријавата се точни и вистинити.

Датум: ____________

Скопје, Потпис на кандидатот